**Општина Прилеп**
Локална самоуправа

**Municipality of Prilep**
Local government

**Прилеп, 03.11.2025 год.**
**Наш број: 10-1231/2**

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/2005, 81/2005, 79/2006, 101/2006, 109/2006, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 161/2009, 1/2010, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 187/2013, 42/2014, 44/2015, 129/2015, 192/2015, 39/2016, 28/2018, 65/2018, 99/2018, 176/2021, 216/2021, 89/2022, 99/2022 и 171/2022), Градоначалникот на општина Прилеп донесе:

# ОДЛУКА
## за неспроведување на стратегиска оцена за измена и дополнување на генерален урбанистички план на град Прилеп, Општина Прилеп (плански период 2013-2023г.) - текстуален дел од планска документација

1. За планскиот документ, измена и дополнување на генерален урбанистички план на град Прилеп, Општина Прилеп (плански период 2013-2023г.) - текстуален дел од планска документација, кој се носи согласно со Законот за урбанистичко планирање (“Службен весник на Република С. Македонија” бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25) не е потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, согласно со член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Прилеп.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став 4 од Законот за животната средина и врз основа на податоците од прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на Одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на планскиот документ, измена и дополнување на генерален урбанистички план на град Прилеп, Општина Прилеп (плански период 2013-2023г.) - текстуален дел од планска документација, нема да има дополнително влијание врз животната средина од следните причини:
- се работи за измена и дополнување на ГУП за град Прилеп, текстуален дел од планска документација со кои не се предизвикуваат дополнителни влијанија врз животната средина и врз здравјето на луѓето,
- за предлог ГУП за град Прилеп - Општина Прилеп има Извештај за стратегиска оцена на генерален урбанистички план на град Прилеп врз животната средина и Мислење по Извештај за стратегиска оцена на животната средина бр.08-2743/4 од 29.04.2011 год.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Изработил:
Раководител на Сектор урбанизам,
комунални работи и животна средина
Илија Беличоски

Градоначалник на
Општина Прилеп
Дејан Проданоски

Република Северна Македонија, Градоначалник, Општина Прилеп